# Вовед

MUDI

Co-funded by
the European Union

# Преглед на проектот MUDI

Проектот **MUDI (MultiDIsciplinary Design of Parent and Teacher Training to Prevent Peer Bullying)** од програмата Erasmus+ е осмислен за да им обезбеди на родителите знаења, вештини и стратегии неопходни за спречување и справување со врсничко насилство во училиштата. Врсничкото насилство и понатаму претставува значаен проблем кој влијае врз благосостојбата на децата, нивниот академски успех и социјален развој. Оваа обука нуди структуриран пристап заснован на докази, со цел да ги оспособи родителите да препознаат, интервенираат и спречат појави на врсничко насилство.

MUDI е проект финансиран од Erasmus+ кој обединува конзорциум од училишта, универзитети и општествени организации од повеќе европски земји, кои заеднички работат на развивање на структуриран едукативен програм за родители и наставници. Со поттикнување на свесноста, подобрување на комуникацијата и обезбедување на практични стратегии за интервенција, MUDI има за цел да создаде побезбедна и поинклузивна училишна средина, во која учениците ќе се чувствуваат заштитени и поддржани.

# Цели на проектот MUDI

Главната цел на програмата MUDI е намалување на врсничкото насилство во училиштата преку директно насочување кон неговите коренски причини и оспособување на родителите и наставниците со ефективни стратегии за интервенција. За да се постигне ова, програмата се фокусира на:

**Разбирање на причините за врсничко насилство**
Идентификување на клучните социјални, психолошки и средински фактори кои придонесуваат кон појавата на насилничко однесување.

**Зајакнување на родителското вклучување**
Обезбедување на алатки за родителите со кои ќе поттикнат подобра комуникација, емоционална достапност и позитивна дисциплина.

**Поддршка на наставниците и училишниот кадар**
Зголемување на нивните капацитети за препознавање, спречување и соодветно реагирање на случаи на врсничко насилство.

**Поттикнување на ученичко учество**
Оспособување на децата активно да се вклучат во спречувањето на врсничко насилство, промовирајќи емпатија и почит меѓу врсниците.

**Развивање на одржлива рамка за спречување на врсничко насилство**
Воспоставување политики и практики кои училиштата можат да ги интегрираат во своите долгорочни образовни стратегии.

# Активности на проектот MUDI

Проектот MUDI се состои од неколку меѓусебно поврзани активности, осмислени за да изградат ефективна програма за обука на родители и наставници. Тие вклучуваат:

**Истражување и собирање податоци**
Спроведување студии за идентификување на најчестите модели на врсничко насилство и главните пречки за интервенција.

**Развивање на програма за обука**
Дизајнирање на структуриран едукативен програм, кој вклучува психолошки сознанија, студии на случаи и практични вежби, наменети за наставници и родители.

**Работилници и обуки**
Организирање на сесии во живо и онлајн за оспособување на родителите и наставниците со практични стратегии

**Креирање на едукативни материјали**
Развивање на прирачници, дигитални ресурси и интерактивна содржина за полесно учење.

**Кампања за подигање на свесноста**
Промовирање иницијативи за спречување на врсничко насилство на локално, национално и европско ниво со цел да се поттикне пошироко влијание

# Партнери на проектот MUDI

Проектот MUDI е координиран од **Istituto di Istruzione Superiore Einstein De Lorenzo** (Потенца, Италија), со поддршка на следниве партнерски организации:

- **Naile Mehmet Ali Uyanık Anadolu Lisesi** (Турција)
- **Средно училиште „Св. Климент Охридски“** (Македонија)
- **Cumhuriyet Anadolu Lisesi** (Турција)
- **Zespół Szkół Ogólnokształcących nr 5 IV Liceum Ogólnokształcące z Oddziałami Mistrzostwa Sportowego im. Marynarzy** (Полска)
- **Универзитет во Букурешт** (Романија)
- **Stichting USED Amsterdam Social Enterprise Agency** (Холандија)
- **Association d’Entrepreneuriat Social** (Франција)

# Програмата MUDI за родители

Развиена од меѓународен тим на наставници, психолози и истражувачи, програмата применува сеопфатен пристап за разбирање на факторите кои придонесуваат кон врсничко насилство и улогата на родителите во создавање поддржувачка домашна средина. Таа опфаќа низа теми, вклучувајќи ги развојните потреби на адолесцентите, емоционалната достапност, семејната динамика, родовите улоги и стратегии за спречување на врсничко насилство.

Учеството во оваа обука ќе им овозможи на родителите практични алатки за зајакнување на комуникацијата со нивните деца, поттикнување на здрави социјални интеракции и создавање безбедна, емоционално поддржувачка домашна средина која ја намалува појавата на врсничко насилство. Програмата за обука применува структуриран, чекор-по-чекор пристап, оспособувајќи ги родителите со стратегии од реалниот живот за поддршка на децата при справување со социјалните предизвици.

# Како да се користи прирачникот

Овој прирачник е осмислен како практичен водич кој родителите можат да го користат индивидуално или во рамки на групни обуки организирани од училиштата, советници или невладини организации, со цел да го подобрат разбирањето на врсничкото насилство и да развијат проактивни стратегии.



# Препораки за родители

Еве неколку препораки за најдобро искористување на оваа програма, ако сте родител:

**Следете ги модулите по редослед**
Секој модул се надоврзува на претходниот, постепено продлабочувајќи го знаењето за врсничко насилство, емоционалниот развој и стратегиите за превенција.

**Размислување и дискусија**
Многу лекции вклучуваат прашања за размислување, со цел да им помогнат на родителите да го поврзат материјалот со нивните сопствени искуства.

**Вклучување во групна дискусија**
Ако е возможно, дискутирајте ги темите со други родители, наставници или членови на заедницата за да споделите согледувања и да учите од различни перспективи.

**Применувајте стратегии дома**
Секој модул нуди практични совети и примери од реалниот живот кои родителите можат веднаш да ги применат со своите деца.

**Практични активности и вежби**
Практичните активности помагаат да се зајакне учењето и поттикнуваат вклученост помеѓу родителите и нивните деца. Спроведете ги предложените активности во однос на вашиот тинејџер.

**Побарајте дополнителна поддршка ако е потребно**
Ако идентификувате појави на врсничко насилство кај вашето дете (како жртва, извршител или набљудувач), обратете се кај училишни советници, психолози или групи за поддршка.

Овој прирачник не е само информативен – тој е интерактивен алат кој им помага на родителите активно да се вклучат во емоционалниот и социјалниот развој на своето дете.

# Препораки за групна обука

Еве неколку препораки за спроведување на групни обуки базирани на прирачникот MUDI:

**Организирање на сесиите**

Сесиите можат да се одржуваат во училиштата, заедничките центри или онлајн, за да се овозможи учество на повеќе родители. Тренирани училишни советници, психолози или наставници можат да ги водат дискусиите, обезбедувајќи поддржувачка и структурирана средина за учење. Идеалниот број на учесници во групата е 8-15 родители за да се поттикне активно учество. Ако сесиите имаат претежно психоедукативна компонента, во групата можат да се вклучат повеќе родители. Секоја сесија треба да трае од 90 минути до 2 часа, овозможувајќи доволно време за дискусии и вежби.



# Времетраење на модулите

Целиот MUDI програм се состои од следниве модули со нивните соодветни времетраења:

| **Модул** | **Предлог времетраење** |
|---|---|
| Модул 1: Разбирање на врсничкото насилство и развојните потреби на адолесцентите | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 2: Значајност на емоционалната достапност и стабилната семејна динамика | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 3: Улогата на родот во врсничкото насилство | 1 сесија(2 часа) |
| Модул 4: Ефективна комуникација и социо-емоционално учење (SEL) за родители | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 5: Поставување граници и промовирање на позитивна дисциплина дома | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 6: Изградба на отпорност и самодоверба кај тинејџерите | 1 сесија(2 часа) |
| Модул 7: Сајбер-врсничко насилство и онлајн безбедност | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 8: Соработка со училишта, заедници и национални рамки против врсничко насилство | 2 сесии (4 часа) |
| Модул 9: Кога вашето дете е жртва на врсничко насилство | 1 сесија(2 часа) |
| Модул 10: Кога вашето дете е насилник | 1 session (2 часа) |
| Модул 11: Кога вашето дете е сведок | 1 сесија(2 часа) |
| Модул 12: Следење и евалуација на напредокот | 1 сесија(2 часа) |

Овој сеопфатен план обезбедува родителите да ги стекнат знаењата и вештините потребни за да ги поддржат своите адолесценти во спречувањето и справувањето со појави на врсничко насилство.

# Упатства за водители на обуката

За да се обезбеди успешна обука, водичот треба да:

**Поттикнува активно учество**
Користете прашања за дискусија и примери од реалниот живот за да ги вклучите родителите.

**Создавање безбедна средина**
Оставете родителите да се чувствуваат удобно при споделување на своите искуства без осудување.

**Вклучување активности со игра на улоги**
Вежбајте стратегии за интервенција за да го направите учењето интерактивно.

**Обезбедување знаења и ресурси**
Нудете резимеа, работни листови и акциски планови за родителите да ги применат дома.

**Следење после сесија**
Поттикнувајте ги родителите да го следат напредокот и да споделуваат информации во рамките на групата.

